**Елаборат: Лазарките од Струшко Поле**

**Категорија:** Нематеријално културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

**Статус:** Одлука за прогласување на нематеријално културно наследство Бр.45-4199/1 од 16 јули 2019 г.

**Година на изработка:** 2013

**Главен истражувач:** д-р Ели Луческа

**Соработници:** вон. проф. д-р Јоана Ренкас, Анита Ѓоргоска, м-р Горан Василески

**Опис на културното добро:** Празнувањето на Лазара во Струшко Поле (Ложани, Бицево, Драслајца, Мороишта) има свои посебни карактеристики кои се јавуваат исклучително како локално обележје: 1. Обредни лица се Лазарките, односно обредната лазарска поворка ја сочинуваат младата женска популација до 14-годишна возраст; 2. Празнично-обредниот комплекс вклучува четири (4) дена; 3. Лазарките, од највозрасната до најмалата, се облечени во комплетна празнична народна носија, во невестинска највозрасните – челничките, а во моминска останатите Лазарки, и тоа со сите придружни украсни елементи. Носијата, како и накитот, потекнуваат од крајот на 19-ти до средината на 20-ти век; 4. Репертоарот на лазарските песни е богат и со различна тематска насоченост. Се состои од вкупно девет (9) песни во с. Ложани, пет (5) во с. Драслајца, шест (6) во с. Мороишта и една (1) во с. Бицево; 5. Се изведуваат две (2) лазарски ора во с. Ложани, по едно (1) во с. Драслајца и с. Мороишта, сите кинематографски различни; 6. Обредни реквизити – китки и венци исплетени од зеленика, кукурек и пролетно цвеќе.

**Презентација:** Етно-филм „Лазарките од Струшко Поле“